Република Северна Македонија

Јавно претпријатие за железничка инфраструктура
Железници на Република Северна Македонија – Скопје

Број: 04-02-915
06.12.2021 година
Скопје

Врз основа на член 11 и член 52 од Законот за администартивни службеници („Службен весник на Република Македонија бр. 27/2014, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19 и 14/20), а во врска со конечната листа од сите фази на селекција и предлог на кандидати за унапредување, директорот на Јавно претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија - Скопје ја донесе следната

## ОДЛУКА
### за избор на кандидат по интерен оглас број 1/2021

1. За извршител на работното место КДР0102ГО2046 Виш референт - одговорно лице за хигиена во група за одржување на хигиена, Одделение за одржување на станични згради, Сектор за обезбедување и одржување на згради, 1 извршител(и), по пат на интерен оглас се избира кандидатот:

- **Авни Рамадани**

2. Именованиот кандидат ќе биде унапреден на работното место од точка 1 од оваа одлука, по конечноста на оваа одлука .
3. Оваа одлука стапува во сила со денот на донесување .

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

По добиено известување за обезбедени финансиски средства од Министерството за финансии со архивски број 18-4812/2 од 10.06.2021 година, Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија - Скопје на ден 24.11.2021 објави Интерен оглас бр. 01/2021 на веб страната на Јавното

претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија - Скопје и веб страната на Агенција за администрација.

Во функција на спроведување на постапка за унапредување на административен службеник од директорот на ЈП ЖРСМ Инфраструктура - Скопје, формирана е Комисија за селекција за унапредување на административни службеници со Решение бр. 0401-6627/3 од 30.11.2021 година, за работното место од точка 1.

Комисија за селекција за унапредување на административни службеници согласно член 54 од Законот за административни службеници и добиените резултати од сите фази на селекција, состави записник и врз основа на вкупно освоените бодови за секое различно огласено работно место изготви финална ранг - листа и прворангираниот кандидат му го предложи на директорот на ЈП ЖРСМ Инфраструктура -Скопје.

Врз основа на Конечна ранг-листа на кандидати од сите фази на селекција за унапредување и Предлогот за унапредување на кандидат/и, директорот на Јавно претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија - Скопје донесе одлука како во диспозитивот.

**Упатство за правно средство**: Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право да поднесе жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена од објавувањето на одлуката на веб страната на Јавно претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија - Скопје.

Доставено до:
- Именованиот- кандидат за унапредување,
- Сектор за управување со човечки ресурси,

ДИРЕКТОР

д-р Хари Локвенец

Подготвил:Ц.Поповска